***Информативен лист за заразни болести***

# Рубеола

***Рубеолата ја предизвикува вирус. Болеста обично е блага, меѓутоа таа може да предизвика сериозни оштетувања кај нероденi бебиња. На сите деца им се препорачува вакцинирање на возраст од 12 месеци и 4 години. Сите жени кои планираат да забременат треба да проверат дали се отпорни на болеста.***

**Последна преработка:** 15ти јануари 2008

## Што е рубеола?

- Рубеола (или German measles) е заразна вирусна болест која се јавува кај луѓето.
- Иако кај повеќето луѓе болеста е умерена, во раната бременост таа може да предизвика вродени дефекти на фетусот или спонтан абортус.

## Што е вроден синдром на рубеола?

- Вродениот синдром на рубеола се јавува кај до 90 проценти од бебињата кои ги родиле жени што биле заразени со рубеола во текот на првите три месеци од бременоста.
- Вродениот синдром на рубеола може да предизвика вродени малформации вклучувајќи срцеви мани, глувост, оштетување на мозокот и проблеми со очите вклучувајќи катаракт.

## Кои се симптомите?

- Симптомите на рубеола може да вклучуваат умерена треска, осип, течење на носот, болно грло и често, отечени лимфни јазли. Исто така често се јавуваат болки во зглобовите, посебно кај жените.
- Во ретки случаи, рубеолата може да се комплицира со намалување на бројот на крвните плочки (тромбоцитопенија) што може да предизвика крварење, или со енцефалитис (воспаление на мозокот).

## Како се пренесува болеста?

- Рубеолата се пренесува преку капки од носот или устата на заразеното лице или со директен контакт. Од рубеола лесно се

заразуваат лица кои не се вакцинирани или кои претходно не ја прележале болеста.
- Периодот откако лицето било изложено на вирусот до појавата на болеста обично изнесува од 14 до 21 ден. Лицата заболени од рубеола обично се заразни седум дена пред да се појави осипот и четири дена после тоа.

## Кој е изложен на ризик?

Секој што нема имунитет (од претходна инфекција или вакцина) е изложен на опасност од рубеола.

## Како се спречува болеста?

- Лицата со рубеола треба да останат дома најмалку четири дена откако ќе се појави осипот и треба да избегнуваат контакт со лица кои не се имуни на болеста.
- Најдобра заштита од рубеола се постигнува со вакцинирање со ММР вакцината, која штити од заболување од мали сипаници, заушки и рубеола.
- ММР вакцината треба да им се даде на децата кога тие се на возраст од 12 месеци и четири години. Со две дози од ММР вакцината се постигнува заштита од рубеола кај над 99 проценти од вакцинираните лица.
- ММР вакцината е безбедна и ефикасна вакцина која долго време се користи насекаде низ светот.
- И покрај тоа што многу од постарите возрасни лица се отпорни на рубеола затоа што биле вакцинирани или заразени како деца, младите возрасни лица (посебно мажите) може да не се вакцинирани. Вакцинирањето против рубеола е многу важно за жените (и мажите) на возраст кога може да имаат деца за да се намали шансата бремените жени да дојдат во контакт со рубеола и да се заразат.
- Многу е важно за сите жени кои планираат да забременат да знаат дали се отпорни на рубеола. Жените кои планираат да забременат треба да направат крвна слика, тоа може да го направи нивниот локален доктор, за да проверат дали се заштитени од рубеола. Бремените жени не треба да примаат вакцина против рубеола и треба да се избегнува забременување еден месец после примањето на вакцината.

## Како се поставува дијагноза?

- Дијагностицирањето на рубеола може да биде тешко затоа што постојат многу други вируси кои предизвикуваат слични болести со треска и осип. За да може да се потврди дијагнозата потребно е да се направи проверка на крвта.

## Како се лекува болеста?

Лекувањето на симптомите на рубеолата вклучува одмор и пиење многу течности.

## Како реагира здравството?

Бремените жени кои биле во контакт со лице заболено од рубеола, треба да се јават за совет кај нивниот доктор. Според Законот за здравство, лабораториите во Нов Јужен Велс мора да ги пријават случаите на рубеола на надлежните органи. За да може да се надгледува како делува програмата за вакцинирање и да се идентификуваат избувнување на епидемии се следат статистичките податоци за бројот на случаи.

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс

За повеќе информации, ве молиме, контактирајте го вашиот локален доктор, локалната државна служба за здравство или здравствениот центар во заедницата – побарајте ги под *'NSW Government'* на почетокот на телефонскиот именик 'Белите страници' (White Pages).

| **Градски подрачја** | **Место** | **Број** | **Подрачја во внатрешноста** | **Место** | **Број** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Northern Sydney/Central Coast** | Hornsby | 02 9477 9400 | **Greater Southern** | Goulburn | 02 4824 1837 |
| | Gosford | 02 4349 4845 | | Albury | 02 6080 8900 |
| **South Eastern Sydney/Illawarra** | Randwick | 02 9382 8333 | **Greater Western** | Broken Hill | 08 8080 1499 |
| | Wollongong | 02 4221 6700 | | Dubbo | 02 6841 5569 |
| **Sydney South West** | Camperdown | 02 9515 9420 | | Bathurst | 02 6339 5601 |
| **Sydney West** | Penrith | 02 4734 2022 | **Hunter/New England** | Newcastle | 02 4924 6477 |
| | Parramatta | 02 9840 3603 | | Tamworth | 02 6767 8630 |
| **Justice Health Service** | Matraville | 02 9311 2707 | **North Coast** | Port Macquarie | 02 6588 2750 |
| **NSW Department of Health** | Nth Sydney | 02 9391 9000 | | Lismore | 02 6620 7500 |
| **NSW Health:** www.health.nsw.gov.au | | | | | |